**20212203694**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 38 став 1 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија” бр. 170/10, 41/14, 148/15, 55/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 21 септември 2021 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА СТАНДАРДИТЕ И НОРМАТИВИТЕ ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ИЗГРАДБА И УРЕДУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ КОИ ГИ КОРИСТИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

Член 1

Во Уредбата за стандардите и нормативите за планирање, изградба и уредување на објектите кои ги користи Министерството за внатрешни работи на граничните премини („Службен весник на Република Македонија“ бр. 164/11), во член 8 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок од став 1 на овој член, на граничните премини на кои има помал обем на проток на патници и стока, просториите во објектите во кои се сместени полициските станици за гранична контрола од втора категорија, можат да бидат со помала површина од површината утврдена во ставот 1 на овој член“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-9507/1
21 септември 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.